Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 15/0306
29.01 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 декември 2023 година, врз основа на примена жалба од политичката партија ВМРО ДПМНЕ, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Текстот со наслов „Мицкоски признава дека без уставните измени пристапувањето во ЕУ може да трае 10 до 100 години“, објавен од порталот Рацин.мк на 19.12.2023 година, отстапува од професионалните и етички стандарди утврдени во членот 1 и членот 14 од Кодексот на новинарите на Македонија.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје
www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) на 19 декември 2023 година, политичката партија ВМРО ДПМНЕ поднесе жалба за текстот со наслов **„Мицкоски признава дека без уставните измени пристапувањето во ЕУ може да трае 10 до 100 “,** објавен од порталот Рацин.мк на 19.12.2023 година.

Жалителот смета дека во текстот има прекршувања по основа на неточно и нефер известување и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето. Во образложението се наведува дека „Мицкоски никаде не го рекол погоренаведеното, што е  произволно толкување и политичко коментирање на дел од кажаното во интервјуто“ (за друг медиум.н.з.), односно дека „написот на порталот Рацин.мк е неточен и извлечен од контекст“. Жалителот нагласува дека „клучно и најважно, веднаш по фигуративната забелешка дека „може да трае и 100 години“, Мицкоски додава дека „може да трае и 4 години“ – податок што според ВМРО ДПМНЕ е игнориран во текстот на Рацин.мк.

## ОДГОВОР ОД МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет-порталот Рацин.мк и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Во својот одговор, доставен до СЕММ, порталот Рацин.мк оценува дека жалбата од ВМРО ДПМНЕ е неоснована „бидејќи има политичка конотација, и не се базира на стандардите во новинарството.“ Меѓу аргументите за својот став, порталот Рацин.мк наведува: „За редакцијата на Рацин информација вредна да биде вест беше токму тој дел – дека процесот може да трае 100 години, односно дека може и никогаш да не се случи, според исказот на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ. Оттаму и во насловот токму тоа е издвоено... Ако одиме по логиката на ЦК на ВМРО-ДПМНЕ, од каде да знаеме дека „може да трае и 4 години“, не е исто така фигуративно?... Како единствен пропуст во реченицата „Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски во неговото интервју за „360 степени“ на МТВ рече дека доколку тој и неговата партија дојдат на власт се подготвени да го ризикуваат евроинтегративниот процес на земјата и тој никогаш да се оствари“, можеме да го прифатиме зборот „рече“ за кој посоодветна замена е зборот „сугерира“.За овој пропуст сме подготвени да се извиниме.“

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2   1000 Скопје

www.semm.mk   info@semm.mk   (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека во текстот се прекршени членовите 1 и 14 од Кодексот на новинарите на Македонија.

> Член 1: *Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно*.
>
> *Член 14: Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата одржана на 25 декември 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителката и извршија увид во оспорената содржина.

Едногласно Комисијата одлучи дека дека во објавата е прекршен член  1 од Кодексот на новинарите на Македонија, поради следните причини:

Во текстот на Рацин.мк изјавата на лидерот на ВМРО ДПМНЕ, Христијан Мицоски (извадок од интервју објавено на друг медиум) е извадена од контекст, а со изоставување на делот од изјавата „...може да биде и за 4 години“ се менува суштината на реченицата: „Тоа може и 100 години да биде и никогаш да не биде, а може да биде и за 4 години. Видовме сега на последниот европски совет дека ако се има политичка волја, многу работи може да бидат поразлични...“

Според Насоките за етичко известување на онлајн медиумите:

*1.2. Онлајн медиумите нема да прикриваат или премолчуваат важни информации чие објавување би можело да влијае врз толкувањето или разбирањето на содржината на извештајот од страна на читателите. Премолчувањето на фактите кои можат битно да влијаат врз формирањето на ставот за некој настан или личност е еднакво на намерно искривување на реалноста и создавање дезинформаци.*

Мнозинството членови на Комисијата се согласија дека во текстот на Рацин.мк е прекршен и член 14 од Кодексот на новинарите на Македонија, со констатацијата „Ваквиот став на лидерот на опозицијата само укажува дека тој и ВМРО-ДПМНЕ свесно ги блокираат европските интеграции на земјава, за свои лични политички цели", која според мнозинството членови на Комисијата сугерира нешто што Мицкоски не го вели во интервјуто.

Еден член на Комисјата не се согласи дека во текстот на Рацин.мк е прекршен член 14 туку смета дека е прекршен член 13 од Кодексот со кој се бара од новинарот да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот, но тоа не беше прифатено од мнозинството.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет .

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595